Известување за концентрација со која ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД, Индија ќе изврши стратешка инвестиција во АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД, Индија (предмет бр. 08-155/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 28.10.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД (Daimler India Commercial Vehicles Private Limited)** со регистрирано седиште на СИПКОТ Индустриал Гроут Сентр, Орагадам, Матхур Пост, Кундратхур Талук, Канцхеепурам Дистрикт, Тамил Наду 602118, Индија ќе изврши стратешка инвестиција во **АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД, Индија (*Autobahn Trucking Corporation Private Limited*)** XIX/9E, Нипон Тауерс, НХ 47, Х.М.Т Џанкшн, Каламасери П.О, Ернакулам, Керала 683104, Индија

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД е производител и снабдувач на комерцијални возила во Индија, со бренд посветен на домашниот пазар, БаратБенц (*BharatBenz*). ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД произведува и продава камиони и автобуси од 10 до 55 тони, туристички автобуси и шасии за автобуси, а исто така за извозните пазари ги произведува и брендовите на Даимлер Тракс - Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*) и Фрајтлајнер (*Freightliner*), според еден глобален стандард за квалитет. Производите и деловите се извезуваат на повеќе од 60 пазари во Африка, Азија, Латинска Америка и Блискиот Исток. ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД е друштво во целосна сопственост на Даимлер Трак АГ , кое пак, е во целосна сопственост на Даимлер Трак Холдинг АГ (кое е чисто холдинг друштво) со седиште во Штутгарт, Германија. Даимлер Трак АГ е активно во дејноста со камиони и автобуси и е фокусирано на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на Даимлер Трак АГ за камиони вклучува средни и тешки камиони за транспорт на долги дестинации, дистрибуција и транспорт до градилишта, како и специјални возила кои главно се користат во комунални апликации.

Даимлер Трак Холдинг АГ / Даимлер Трак АГ не контролира ниту едно зависно друштво во Република Северна Македонија, а неговите производи се дистрибуираат од страна на независен дистрибутер друштвото МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје.

ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД самото нема активности во Република Северна Македонија и не остварува приход од купувачи лоцирани во Република Северна Македонија.

АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД е основано во 2012 година како овластен дилер и сервисен центар за камиони и автобуси од брендот БаратБенц произведени од ДАИМЛЕР ИНДИА КОМЕРШАЛ ВЕХИКЛЕС ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД. Оттогаш, АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД се проширил и ја диверзифицирал својата дејност, па моментално работи во индиските сојузни држави Керала, Махараштра, Гоа, Утар Прадеш, Утараканд и Харијана.

АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД има зависно друштво, Аутобахн Мобилити Прајвет Лимитед (*Autobahn Mobility Private Limited*), кое е овластен дилер и сервисен центар за патнички автомобили и мали комерцијални возила на Махиндра во сојузната држава Керала.

АУТОБАХН ТРАКИНГ КОРПОРЕЈШН ПРАЈВЕТ ЛИМИТЕД нема зависни друштва, подружници или претставништва основани во Република Северна Македонија и не остварува никаков приход во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.11.2026 година
Скопје